
Меѓународен Славјански Универзитет

“Гаврило Романович Державин”- Свети Николе - Битола

Факултет за Правни науки

Предмет : Отштетно право



Магистерска работа

Тема :„ УЛОГАТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ ВО ПОСТАПКАТА НА ИЗВРШУВАЊЕТО, ОВЛАСТУВАЊА И НАДЛЕЖНОСТИ“

Ментор: Проф.Д-р.Александар Илиевски

Изработил: Давид Гоцевски

Индекс: М187003

Свети Николе, Јануари, 2022

Содржина

Апстракт 3
Abstrakt 4
Вовед 5
Поим за извршител 6
Именување на извршител 7
Дејствија на извршителот 10
Организација на извршителите 12
Надлежност на Собранието на Комората 13
Управен одбор 14
Правна природа на одговорноста на извршителот 16
Правни извори на осигурувањето од одговорност на извршителот 19
Постапување на извршителот 21
Професионална етика на извршителите 23
Престанок на должноста на извшител 26
Барање за престанок на вршење на должноста извршител 27
Разрешување на извршител 27
Именување на извршител во случај на престанок на должноста на извршителот 28
Дејствија за извршување и изземање од извршување 31
Ограничување на извршувањето 33
Извршување врз имотни права 35
Пристапување кон извршување 36
Предавање на определени предмети 40
Дејствие што може да го изврши само должник 44
Заклучок 46
Користена литература 47

Апстракт

Предмет на оваа истражување во оваа магистарска работа ќе биде работата и улогата на извршителот во постапката за извршување, неговите овластувања и надлежности, како и начинот за негово именување и разрешување.

Авторот најпрво ќе се задржи и ќе ги објасни условите за именување и разрешување на извршителот како и кои дејствија ги презема истиот. Потоа ќе бидат опфатени правните извори од кои произлегува одговорноста на самиот извршител и на крај од оваа дипломска работа ќе биде објаснет начинот на престанокот на дејноста на извршителот.

Извршител е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон, именуван согласно со одредбите на Законот за извршување, кој директно одлучува за дејствијата што треба да се преземат во рамките на неговите овластувања, за да се спроведе извршна одлука. Со законот за извршување се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено.

Одредбите на Законот за извршување се применуваат и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено. Одредбите на овој закон се применуваат и врз присилно извршување на нотарски исправи и други извршни исправи предвидени со закон. Одредбите на овој закон се применуваат и на извршување на брод и на воздухоплов.

Клучни зборови: Извршител, Субјект, Постапка, Извршување

Abstrakt

The subject of this research, in this thesis will be the work and role of the enforcement agent in the enforcement procedure, his powers as well as the manner of his dismissal.

The author will first dwell on and explain the conditions for appointment and dismissal of the enforcement agent and what actions he takes. Upon termination of the enforcement agent as well as a request for his dismissal

Enforcement agent is a person exercising public powers determined by law, appointed in accordance with the provisions of the Law on Enforcement, which directly decides on the actions to be taken within its powers, in order to implement an executive decision and take enforcement actions. The Law on Enforcement regulates the rules according to which the enforcement agents act in order to enforce a court decision that states the fulfillment of an obligation, unless otherwise determined by another law.

The provisions of this Law shall also apply to the enforcement of a decision rendered in an administrative procedure which states the fulfillment of a pecuniary obligation, unless otherwise provided by another law. The provisions of this Law shall also apply to the enforcement of notarial documents and other enforcement documents provided by law. The provisions of this law apply to the execution of a ship and an aircraft.

Keywords: Enforcement Agent, Subject, Procedure, Enforcement

Вовед

Со Законот за извршување се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено. Одредбите на овој закон се применуваат и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено. Одредбите на овој закон се применуваат и врз присилно извршување на нотарски исправи и други извршни исправи предвидени со закон. Одредбите на овој закон се применуваат и на извршување на брод и на воздухоплов.[1]

Извршувањето заради остварување на парично побарување не може да се спроведе врз предмети или врз права кои се нужно неопходни за задоволување на основните животни потреби на должникот и на лицата кои тој според законот е должен да ги издржува, или за вршење на самостојна дејност која е должников главен извор на средствата за живот.

При спроведување на извршувањето извршителот е должен да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства, како и за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот.[2]

[1] Член 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)
[2] Член 4 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)

Поим за извршител

Извршител е лице именувано од Министерот за правда согласно одредбите на Законот за извршување, кое врши јавни овластувања, како што се извршување на извршни исправи на судот, нотарот или органот чие седиште е на подрачјето за коешто е именуван, а врши и други работи утврдени со закон.[3]

Законот за извршување ја регулира правната професија извршител од неколку аспекти: преку позицијата и опфатот на професионално делување, преку условите за вршење на професијата, одговорноста за штета и осигурувањето на извршителите од одговорност за штета. Дејноста на извршителот е регулирана и во акти на Комората на извршители на Република Македонија. Најпрво, тоа е Статутот на Комората на извршители на Република Македонија од 20.06.2016 година. Во него се содржани низа одредби од членот 60 до членот 81 со кои се уредуваат правата и должностите на извршителите, замениците на извршителите, помошниците на извршителите и приправниците кај извршителите. Согласно Статутот на Комората на извршители на Република Македонија извршителот ги спроведува извршните дејствија независно, самостојно, непристрасно и слободно врз основа на закон.[4]

Самиот Статут упатува на примената на другиот акт на Комората на извршители на Република Македонија, а тоа е Кодекс на професионална етика на извршителите. Зборуваме за членот 66 од Статутот на Комората на извршители на Република Македонија според кој: "Однесувањето на извршителите при нивната работа, меѓу себе како колеги, како и спрема странките, се регулира со Кодексот на професионална етика на извршителите. Непочитувањето на одредбите од Кодексот за професионалната етика на извршителите претставува дисциплинска повреда." На овој начин индиректно се упатува на сите дејствија на извршителот, дефинирани и уредени како дисциплински повреди, кои во исто време можат да се јават и како штетни дејствија во смисла на општиот услов за настанување

[3] Член 32 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)
[4] Член 61 од Статутот на Комората на извршители на Република Македонија

граѓанско-правна одговорност за штета. За ова прашање значајна е одредбата од Кодексот за професионална етика на извршителите која е содржана во членот 3 и според која извршителот е должен стручно и совесно да ги применува одредбите на законот за извршување и подзаконските акти и да се однесува на начин што ќе го штити и придонесува за угледот на професијата извршител и на Комората на извршители на Република Македонија.

Исто така. овој акт содржи определување на должностите што извршителот ги има спрема странките во извршувањето, што воедно го дефинира опфатот на неговата одговорност за штета во секој случај на повреда на оваа должност. Уште еден акт на Комората на извршители е од значење за професионалната одговорност на извршителите, а тоа е Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка од 29.05.2018 година.[5] Истиот е значаен бидејќи во него се разработува стандардот на внимание со кое треба да постапува извршителот при вршење на своите овластувања. Во членот 5 од Правилникот за дисциплинска повреда и дисциплинска постапка се вели дека извршителот одговара дисциплински за своето нестручно и несовесно работење, ако со своето однесување при спроведување на извршувањето врши повреда на службената должност, предвидена во Законот за извршување, подзаконските акти и актите на Комората, со кои се уредува работењето на извршителот.[6]

Притоа како нестручно постапување се смета секоја повреда на законот, со која при спроведувањето на извршувањето извршителот предизвикува повреда на правата на странките во постапката или на трети лица. Несовесно постапување, пак, е постапување спротивно на етичките норми, професионалните стандарди и правила на извршителската должност. Во случај кога со ваквиот начин на постапување извршителот воедно ќе причини штета на трети лица, освен дициплинската одговорност настанува и одговорност за причинетата штета.

Именување на извршител

[5] Правилник за работа на Комисијата за односи со јавност на комората на извршители на Република Северна македонија, 15,02,2021 год.
[6] Ibid, Член 5.

За извршител може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:[7]

- да е државјанин на Република Македонија;
- да е деловно способно и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- да има положено правосуден испит;
- да има положен испит за извршител;
- да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правни студии VII/1 степен или 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).
- активно да го владее македонскиот јазик;
- да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, или да не му е изречена казна забрана за вршење за вршење на професија, дејност или должност;
- да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни
- да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.
- Министерот ги пропишува видот на опремата и просторот за исполнување на условот од ставот (1) точка 10) на овој член.

Условот од ставот (1) точка 11) на овој член подразбира изјава дадена пред нотар во којашто лицето ќе ја изнесе својата финансиска состојба, во смисла на имотна состојба, финансиски побарувања, обврски, долгови и слично, сето тоа условено со последиците од кривичното дело давање на лажен исказ.

Извршителот се именува со решение на Министерството врз основа на конкурс. Конкурсот за именување на извршители го распишува Министерството, а

[7] Член 33 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)

го спроведува Комората на извршители на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората) која за таа цел формира комисија составена од пет члена од кои два члена од Комората, еден член од Судскиот совет на Република Македонија, еден член од Академијата за судии и јавни обвинители и еден универзитетски професор од правните факултети акредитирани во Република Македонија, со која раководи претседател кој се определува од редот на членовите на комисијата кои се номинирани од Комората.[8]

Во конкурсот мора да биде определено подрачјето за кое треба да се именува извршител. Ако истовремено се распишува конкурс за повеќе извршителски места, во конкурсот се соопштува дека кандидатите можат да се пријават за сите извршителски места. Кандидатите можат да го определат приоритетот на местата на кои сакаат да бидат именувани.[9]

Конкурсот за именување на извршители се објавува во „Службен весник на Република Македонија" и во два дневни весника, од кои по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.[10]

Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати не смее да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на Република Македонија". Пријавите со прилозите со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител согласно со членот 33 од овој закон, се поднесуваат писмено до Комората.[11] По истекот на рокот од ставот (5) на овој член, Комората е должна да ги достави до министерот примените пријави со свое мислење, најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на конкурсот.

[8] Член 43 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020)
[9] Член 43 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020)
[10] Член 43 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020)
[11] Член 43 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/2020)

(8) На кандидатите кои нема да бидат именувани за извршител во рок од 15 дена од денот на именувањето на извршителите, им се доставува писмено известување, со копија од решението за именување.

(9) Против решението за именување на извршител, кандидатот кој не е именуван може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Дејствија на извршителот

Извршителот ги презема следниве дејствија:[12]

- прима барања за извршување,
- врши достава на судски писмена врз основа на решение на суд согласно одредбите на Законот за парнична постапка,
- врши достава на налози, записници, заклучоци и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа,
- врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето,
- прибира податоци за имотната состојба и други податоци за должникот во функција на извршувањето,
- донесува налози и заклучоци, составува записници, барања, потврди и службени белешки, согласно со одредбите на овој закон,
- врши попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети, права и недвижности, прима средства од должникот, предава во владение,
- распределува средства од извршување,
- врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка, по барање на стечајниот управник, освен продажба на деловниот потфат,
- врши пломбирање (запечатување) на подвижни предмети и недвижности заради оневозможување на нивната употреба или трошење со ставање жиг на извршителот,

[12] Член 40 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)

- врши испразнување од луѓе и од ствари и предавање на недвижности и презема други дејствија потребни за спроведување на извршувањето определени со закон,
- врши објавување во средствата за јавно информирање,
- поднесува барање за поставување на старател за посебни случаи до Центарот за социјални работи кога адресата на должникот е непозната или нема застапник,
- поднесува барање за добивање на податоци за поседување на трансакциска сметка до правното лице кое го води Единствениот регистар на трансакциски сметки во врска со предметот на извршување,
- дава известување за состојба на предмет по барање на странките,
- презема други дејствија во врска со доверени работи од судот,
- презема дејствија за обезбедување на материјалндокази како доверена работа од судот,
- издава потврда за намиреност на побарувањето и
- презема и други дејствија предвидени со закон.

При спроведување на дејствијата утврдени со ставот (1) на овој член, извршителот може да врши фото и видео документирање на дејствието во согласност со закон.[13] Извршителот е должен со личните податоци да постапува согласно со прописите за заштита на личните податоци, при спроведување на извршувањето согласно со овој закон.[14]

Извршителот е должен да го чува како тајна се она што е од личен карактер што го сознал при спроведување на извршувањето, освен ако од закон или од волјата на странките не произлегува нешто друго (извршителска тајна).

Извршителската тајна се должни да ја чуваат и лицата вработени кај извршителот. Должноста за чување на тајната останува трајна.[15] При преземањето

[13] Член 40 Став 2 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)
[14] Ibid, Став 3
[15] Ibid, Став 4

на дејствијата, извршителот ги изготвува налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти со форма пропишана од министерот. Актите кои не се во пропишаната форма се сметаат за неважечки.[16] На извршителот само врз основа на одлука на суд или јавен обвинител, може привремено да му се одземат списите на извршниот предмет, за што се издава писмена потврда за одземените списи, која се заведува во Уписникот утврден во член 45 од овој закон.[17]

Организација на извршителите

Комора на извршители

Извршителите и замениците на извршителите во Република Македонија, задолжително се здружуваат во Комора на извршители. Замениците на извршителите немаат право на глас во:

- Собранието на Комората
- Седиштето на Комората е во Скопје.
- Комората на извршители има својство на правно лице.
- Највисок орган на Комората е Собранието на Комората.
- Други органи на Комората се Управен одбор на Комората, Претседател на Комората и Дисциплинска комисија на Комората.
- (Членовите на Управниот одбор, претседателот на Комората и на другите органи се избираат за време од три години.

Собрание на Комората

Собранието на Комората го сочинуваат сите извршители на територијата на Република Македонија. Собранието на Комората ги штити угледот и честа на

[16] Ibid, Став 5
[17] Ibid, Став 6

вршењето на должноста и се грижи извршителите да ги вршат своите овластувања совесно и во согласност со закон. Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Комората, се уредуваат со овој закон, Статутот и другите акти на Комората.

Надлежност на Собранието на Комората

Собранието на Комората:

донесува Статут и други акти на Комората;

- избира членови на Управниот одбор, претседател на Комората и членови на другите органи на Комората, ако со овој закон или со Статутот на Комората поинаку не е определено;
- дава мислење по Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите;
- разгледува предлози, барања и препораки за успешно работење на извршителите;
- ги усвојува годишната сметка за изминатата година и предлогот на пресметката за наредната година, го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности, подготвен од претседателот на Комората;
- одлучува за висината на членаринатa и начинот на нејзиното плаќање;
- одлучува за употребата на паричните казни согласно со одредбите на овој закон и
- одлучува за сите други прашања предвидени со овој закон и Статутот на Комората.

Собранието на Комората се состанува редовно еднаш годишно и тоа во текот на месец февруари. На седницата е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број извршители, а одлучува со мнозинство од присутните.

На редовната годишна седница Собранието на Комората одлучува за годишната сметка и за предлогот на пресметката за наредната година и го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности на извршителите.

Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика претседателот на Комората, а врз основа на одлука на Управниот одбор или пописмено барање од најмалку 30 члена на Комората. Ако претседателот не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на барањето од членовите на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето.

Управен одбор

Управниот одбор:

- утврдува нацрт на статутот и другите акти на Комората;
- подготвува и доставува до министерството предлози и мислења што се однесуваат на основната поставеност на извршителите, како и по сите други прашања што се однесуваат на должноста извршител;
- презема и спроведува иницијативи за разгледување на прашања од интерес на извршителите, како што се прашањата за социјалната заштита на извршителите, основањето на солидарен фонд за економска помош на извршителите, како и фонд за помош на лица кои трајно се оспособуваат за самостојно вршење на дејноста и прашања за организирање на трајно осигурување на извршителите;

- формира Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на тарифата и дава иницијатива за поведување на дисциплинска постапка;
- усвојува Програма за континуирана задолжителна едукација на извршителите и замениците на извршителите предложена од Комисијата за едукација и врши надзор на стручното оспособување на извршителите и издава уверенија за спроведено стручно оспособување, врз основа на потврда издадена од извршителот кај кого се врши оспособувањето;
- се грижи за статусот на извршителите и за односите кон други органи, и институции со цел за унапредување на извршителската должност;
- го организира континуираното стручно оспособување на извршителите со организирање семинари, предавања и други форми согласно со Програмата за едукација. Учеството на семинарите и предавањата е задолжително за извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите, а нивното неоправдано отсуство претставува дисциплинска повреда;
- води Именик на извршителите, замениците на извршители, помошниците на извршители, приправниците и волонтерите кај извршителите во електронска форма;
- ги подготвува седниците на Собранието на Комората;
- ги извршува одлуките на Собранието на Комората;
- составува предлог на годишен финансиски извештај за работата на Комората и предлог финансиски план за наредната година;
- се грижи за наплата на членаринатa и иницира постапка за присилна наплата на членаринатa и

- одлучува за други прашања кои со закон или со Статутот на Комората се ставени во негова надлежност, како и за сите прашања кои не се ставени во надлежност на некој друг орган на Комората.

Бројот на членовите на Управниот одбор го одредува Собранието во согласност со Статутот. Бројот на членовите на Управниот одбор, вклучувајќи го и претседателот на Комората, мора да биде непарен.

Правна природа на одговорноста на извршителот

Професионалната одговорност постои секогаш кога носител на одредена професија ќе ги повреди обврските кои за него произлегуваат во постапката на давање на професионални услуги на неговите корисници.[18] Секоја професија содржи одредени посебности па затоа прашањето за професионалната одговорност се поставува одделно за секоја од овие професиите. Така на пример, медицинската дејност како слободна професија строго се разликува од дејноста на носителите на било која друга професија, од причина што таа содржи во себе многу специфични елементи кои се својствени само за неа.[18]

Професионалната одговорност може да настане со повреда како на законска, така и на договорна обврска на носителите на одредена слободна професија во рамки на вршењето, односно пружањето на професионални услуги на навните корисници. Понатаму, професионалната одговорност може да се јави како граѓанско - правна одговорност, дисциплинска одговорност и кривична одговорност. Секоја од одговорностите на носителите на професија претпоставува постоење на посебни правни правила со кои се утврдуваат условите за настанување на одговорност, постапката во која тие се утврдуваат и органите надлежни за утврдување и изрекување на санкции.[18]

[18] Marija Ampovska,"Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law", Зборник радова Универзално и особено у право 2018, pp. 377-378;

Предмет на интерес за нас е единствено граѓанско - правната одговорност на вршителите на правна професија за штета причинета при вршење на нивната дејност и осигурувањето од истата. Граѓанско-правната одговорност се одразува во односот на носителот на професијата и корисникот на неговите услуги, а целта на нејзиното постоење е да се обезбеди обесштетувањена лицата кај кои ќе настанат штетни последици како резултат на професионална грешка. Приказот на граѓанско-правната одговорност на извршителот преку анализа на неговата природа и правна уреденост е од значење за овој труд бидејќи истата е предмет на договорот кој произлегува од задолжителното осигурување на извршителите и затоа во кратки црти ќе биде изложена пред да се премине на анализа на осигурувњето од одговорност. [18]

Посебното правило за одговорност на извршителот во нашето право се наоѓа во Законот за извршување.[18] Според посебното правно правило извршителот е одговорен за целата штета што ја причинил на странката или спрема трети лица, со незаконито спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има како извршител според овој закон.[19] Освен за своите дејствија, извршителот е одговорен и за штетата која ќе произлезе од извршување на поединечни дејствија што ги предизвикале заменикот на извршителот или полномошникот на извршителот.[20] Во првиот случај не е спорно дека станува збор за лична одговорност на извршителот заснована на негова вина.

Иако законската одредба не зборува конкретно за видот на вина што е потребен за настанување на одговорноста, сепак, на основ на примената на општите правила на облигационото и отштетното правило може да се заклучи дека одговорност настанува во случај на обично невнимание, односно однесување спротивно на правниот стандард "добар стручњак". Уште повеќе одговорност на извршителот ќе постои и кога штетата ја причинил со некој од потешките видови на вина – крајно невнимание или намера. Разлика ќе постои во поглед на докажувањето односно претпоставувањето на вината бидејќи според општата

[19] Член 43 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).
[20] Член 43 став 3 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

теорија на отштетното право обичното невнимание се претпоставува, а намерата и крајното невнимание ги докажува оштетениот.[21]

Стандардот добар стручњак се определува и со помош н одредбите на законот според кои се дефинира нестручно постапување и несовесно постапување. Во вториот случај зборуваме за правна ситуација во која едно лице се јавува како фактички штетник, а тоа се заменикот на извршителот или полномошникот на извршителот, а друго лице се јавува како правен штетник, а тоа е извршителот. Во најширока смисла на зборот тука зборуваме за одговорност за друг[22] иако не е посебно уредена во нашиот ЗОО така што не можеме да зборуваме за евентуална правна импликација што оваа категоризација би ја имала врз уредувањето на одговорноста во овие случаи.[23] Законски е регулирана обврска за регрес на исплатен надомест што ја има извршителот спрема осигурувачот во случај кога штетата е причинета по вина на извршителот.[24] Од друга страна односот на извршителот со заменик извршителот и со полномошникот не е регулиран со Закон за извршување.

[21] Гале Галев, Јадранка Дабовиќ Анастасовска, Облигационо право ЦЕППЕ, Скопје, 2009, 683.
[22] д-р Неда Здравева, Одговорност за штета во правната професија, Правен факултет Јустинијан Први Скопје, стр.53
[23] Македонскиот Закон за облигационите односи познава одговорност за друг, како посебен вид на одговорност под кој одредбите ги подведуваат одговорноста за лица без деликтна одговорност и одговорноста врз основа на справедливост како посебни случаи на одговорност (членовите 151-157).
[24] Член 43 став 4 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

Правни извори на осигурувањето од одговорност на извршителот

Во правната литература се среќаваме со поимното определување на осигурувањето од професионална одговорност како правен однос на осигурување кој настанува врз основа на договор, односно кога е задолжително, врз основа на закон и склучен договор, помеѓу осигурувачот и осигуреникот кое има две функции: примарна функција, односно заштита на лицата кои можат да бидат оштетени при користење на професионални услуги и секундарна функција, односно заштита на давателот на услуги од товарот на надоместот на штета што може да го причини на корисниците на услуги.[25] По својата правна природа осигурувањето од одговорност на извршителот е договор за осигурување од одговорност, па оттаму и основниот правен извор за негово регулирање е Законот за облигационите односи (во натамошниот текст ќе се користи кратенката ЗОО)[25]

Во прв ред применливи се одредбите на овој закон за осигурување од одговорност[26] а со оглед на тоа што осигурувањето од одговорност се смета за подвид на осигурување на имот, применливи се и општите одредби за осигурување на имот , како и заедничките одредби[27] за имотни осигурувања и осигурување на лица.[28] Сепак, предност пред примената на сите овие одредби имаат одредбите од Закон за извршување како lex specialis во оваа материја. Осигурувањето од одговорност за штета причинета спрема трети лица според овој закон е задолжително. Ова произлегува од членот 35 став 5 според кој:"Комората веднаш, а не подоцна од три дена од денот на изготвувањето на мислењето од претседателот на Комората за утврдување на просторните услови и склучениот договор за осигурување од одговорност за штета сторена на трети лица, ќе го

[25] Marija Ampovska,"Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law", Зборник радова Универзално и особено у право 2018, pp. 378-380;
[26] Членовите 996 и 997 од Законот за облигационите односи "Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 123/130.
[27] Ibid. Од член 953 до член 979
[28] Loris Belanić, Osiguranje od odgovornosti odvjetnika, Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci, Rijeka, 2010, 265.

определи и објави во „Службен весник на Република Македонија “датумот на почетокот со работа на извршителот." [25]

Извршителот е должен до Комората да достави доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета веднаш по склучување на истиот. Во случај извршителот да не ја исполни оваа законска обврска, Претседателот на Комората го известува Министерството за правда, во рок од 30 дена по истекот на полисата за осигурување.[29] На овој начин Министерството за правда врши надзор над работата на извршителот, следејќи дали тој има уредно осигурување од одговорност за штетата што може да ја причини при своето работење.[30] Доколку извршителот не ја доставил полисата за осигурување од одговорност за штета до Комората во рокот определен со овој закон, согласно член 65 од Законот за извршување може да му се изрече дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Освен што постоењето на договорот е услов за почеток со работа, истиот е предвиден и како услов за разрешување на извршителот, доколку извршителот не го продолжува уредно своето осигурување од одговорност[31], а може да се јави и како причина за изречување глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на претседателот на Комората за прекршок, доколку извршителот не доставува податоци за полисите за осигурување до Министерството за правда.[32] Сепак, подеталното уредување на осигурувањето од одговорност на извршителот во нашето право го наоѓаме во општите услови за осигурување од одговорност на осигурителните компании и во посебните услови за осигурување од одговорност на извршители. Општите услови за осигурување од одговорност се применуваат според генералната одредба која гласи: "Овие услови се применуваат за осигурување од одговорност, а во колку одговорноста се осигурува со некој друг вид осигурување, овие Услови се применуваат ако тоа го

[29] Член 43 став 7 и став 8 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).
[30] Член 54 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).
[31] Член 73 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).
[32] Член 253 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

предвидуваат условите за тој вид на осигурување."[33] Со оглед на тоа дека во практиката на осигурителните компании е познат посебен вид на осигурување од одговорност, а тоа е осигурувањето од одговорност на извршителите и за истиот се креирани посебни услови, истите имаат приоритет при примена.

Во случај на склучување на договор за осигурување според одредени посебни услови за осигурување на извршителите, како составен дел на договорот се јавуваат и општите услови за осигурување од одговорност, а доколку нивната содржина е спротивна на посебните услови, се применува соодветната одредба од посебните услови. Токму затоа анализата ќе се фокусира на посебните услови за осигурување од одговорност на извршителите, односно на карактеристиките на осигурувањето од одговорност на извршителот кои произлегуваат од регулативата содржана во тие посебни услови.

Постапување на извршителот

Извршителот е должен при преземање на дејствија во станот на должникот, при пребарување на облеката што тој ја носи на себе и при преземање на другите дејствија, да постапува со должна почит спрема личноста на должникот и членовите на неговото домаќинство. За преземање на секое дејствие во станот на должникот, кој е физичко лице, извршителот обезбедува еднократна писмена дозвола за конкретно дејствие од Претседателот на основниот суд на чие подрачје се спроведува извршувањето, во која не се назначува денот на преземањето на дејствието, а важи до завршување на дејствието кое се презема.[34]

Писмената дозвола важи 30 дена од денот на издавањето. На преземените дејствија во станот на должникот на кои не присуствува должникот, негов законски застапник, полномошник или полнолетен член на неговото домаќинство, мора да присуствува полиција и двајца полнолетни сведоци.

[33] Член 1 од условите за осигурување одговорност на извршители на Еуролинк осигурување АД Скопје.
[34] Член 84 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

Доколку при тоа е променета бравата од станот, новиот клуч се остава кај старател за посебни случаи (во понатамошниот текст: старател), кој на барање на извршителот го определува Центарот за социјални работи.[35]

Кога дејствието треба да се спроведе во просторија на правно лице која не е заклучена, извршителот дејствието ќе го спроведе во присуство на кое било лице кое ќе се затекне во просторијата. Доколку нема присутни лица дејствието се спроведува во присуство на двајца полнолетни сведоци. Кога дејствието треба да се спроведе во просторија што е заклучена, а должникот не е присутен или не сака да ја отвори просторијата, извршителот ќе ја отвори просторијата во присуство на полиција и двајца полнолетни сведоци.[36]

Ако претставникот на правното лице одбие да постапи во согласност со барањето на извршителот или ако извршителот не го затече во просториите на правното лице при преземањето на дејствието, дејствието ќе го преземе во присуство на полиција и двајца полнолетни сведоци. Доколку извршителот при преземањето на дејствијата од ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член не може да обезбеди присуство на двајца полнолетни сведоци, тој може да повика нотар.[37]

Извршителот за преземените дејствија од ставовите (1) до (7) на овој член составува записник кој го потпишуваат присутните сведоци и полицијата. Доколку извршителот дејствијата ги преземал во присуство на нотар, нотарот составува записник согласно со Закон за нотаријатот.[38]

[35]Ibid. Член 84 Став 2 и 3
[36] Ibid. Член 84 Став 4 и 5
[37] Ibid. Член 84 Став 6 и 7
[38] Ibid. Член 84 Став 8

Професионална етика на извршителите

Кодексот на професионална етика на извршителите е збир на усвоени начела по кои извршителите треба да се управуваат во својата работа и доследно да ги почитуваат. Начелата се во согласност со општо прифатените начела на професионална етика на извршителите во Европа и пошироко каде што е воспоставен систем на приватни извршители. Начелата кои го сочинуваат Кодексот на професионална етика, треба доследно да се применуваат. Должност и обврска е на сите извршители, да се грижат за правилна примена на овој Кодекс, а за секоја повреда на професионалната етика да се укажува на корекции во однесувањето преку колегијален однос и преку органите на Комората.[39]

Извршителот и заменикот извршител за однесување и постапување спротивно на одредбите на овој Кодекс одговараат дисциплински согласно член 57 став 1 и 3 од Законот за извршување.

Помошниците, вработените во канцеларијата на извршителот и вработените во Комората на извршители на Република Македонија за однесување и постапување спротивно на одредбите на овој Кодекс сносат морална одговорност.[40] Извршителот ја извршува својата работа самостојно, независно, непристрасно, без предрасуди, ослободен од било какви нерелавантни влијанија, барања, притисоци, закани. Извршителот не смее престижот на дејноста извршител да ја искористи за унапредување на своите приватни интереси, како средство за влијание за остварување интереси, ниту како средство за закана.

Извршителот презема чекори за унапредување на своето знаење, вештини и лични квалитети, согласно Програмата за едукација.[41]

[39] Член 1 од Кодекс на професионалната етика на извршителите, врз основа на член 57 став 1 точка а) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. . 72/2016, 142/2016 и 233/2018).
[40] Член 2 од Кодекс на професионалната етика на извршителите, врз основа на член 57 став 1 точка а) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. . 72/2016, 142/2016 и 233/2018).
[41] Член 3 од Кодекс на професионалната етика на извршителите, врз основа на член 57 став 1 точка а) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. . 72/2016, 142/2016 и 233/2018).

Извршителот е должен во однесувањето спрема:[42]

1. Јавноста
   - да истапува покажувајќи афирмација и уважување на дејноста извршител, афирмација на работата на Комората и на другите извршители, да изгледа уредно, да зборува јасно, да не се однесува навредливо, да биде трпелив, достоинствен и учтив;
   - своите медиумски настапи да ги изведува во координација со Комората на извршители на Република Македонија;
   - да не се рекламира.
2. Комората
   - да одговори навремено на барањата на Комората;
   - да не одбие задача доверена од Комората без соодветна причина;
   - да ја извести Комората за сознание дека некој од извршителите постапува спротивно на Кодексот;
3. Извршителите
   - да негува колегијален и искрен однос, соработка, да споделува информации важни за дејноста;
   - да не придонесува за постоење на нелојална конкуренција со ветување и давање награда или друга корист на доверител или на трети лица за поднесување на барање за извршување.
   - вработените кај извршителот
   - да им овозможи пристап до предметите, прописите и материјалите за работа;
   - да придонесува за стручно дооспособување на кадарот со споделување знаења, овозможување учество на семинари, обуки и други едукативни настани од областа;
   - да ги обучи за начинот на постапување во случај на комуникација со агресивни лица и при друг безбедносен ризик;
   - да поттикнува соработка и тимски дух.

[42] Член 4 од Кодекс на професионалната етика на извршителите, врз основа на член 57 став 1 точка а) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. . 72/2016, 142/2016 и 233/2018).

4. Странките во извршувањето
    - да ги почитува странките и нивното достоинство;
    - на писмено барање на странките во примерен рок да обезбеди информација по однос на извршувањето;
    - да не дава погрешни информации;
    - странките да ги информира за евентуално настанување на нови трошоци и за висината на трошоците кога странките предлагаат преземање нови дејства во извршувањето;
    - да има определено приемно време за странки во кое приемно време ќе биде достапен;
    - во случај на незадоволство на странката да ја информира за нејзините права;
    - во случај на попис да внимава да не попише предмети коишто очигледно не се сопственост на должникот физичко лице (детска опрема и играчки, опрема за инвалидизирани лица – ако должникот не е инвалидизирано лице и слично);
    - за странките со телесен инвалидитет на нивно барање да обезбеди соодветен пристап до канцеларијата;
    - за странките со оштетен вид на нивно барање списите што ги изготвува извршителот да ги обезбеди изготвени во соодветен поголем фонт или во браево писмо, во соработка со надлежна институција;
    - да не се однесува дискриминирачки спрема странките по однос на пол, возраст, раса, етничка припадност, религиозна определба, сексуална оријентација, економска состојба и слично;
    - информациите за странките добиени при извршувањето ќе ги чува како тајна и нема да ги искористи спротивно на потребите на извршувањето.

Престанок на должноста на извршител

Должноста на извршителот престанува во следните случаи:[43]

a) со смрт - со денот на смртта на извршителот;
b) со навршување на 64 години возраст согласно закон;
c) по негово барање - со истекот на рокот определен во барањето за престанок на службата;
d) ако биде осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци - со правосилноста на кривичната пресуда;
e) ако му биде изречена казна - забрана за вршење на должноста извршител - со денот на правосилноста на одлуката на судот;
f) ако со одлука на дисциплинската комисија му е изречена дисциплинска мерка - трајно одземање на правото на вршење на должноста извршител - со денот на правосилноста на одлуката на дисциплинската комисија; и
g) со разрешување - со правосилноста на одлуката за разрешување.

Во случаите од ставот (1) точки а) до е) на овој член министерството во рок од 15 дена ќе донесе решение со кое констатира дека должноста на извршителот престанала. Против решението од ставот (2) на овој член извршителот нема право на жалба, а може да поведе управен спор. Правосилното решение за престанокот на должноста извршител Министерството веднаш го објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

[43] Член 71 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

Барање за престанок на вршење на должноста извршител

Извршителот во секое време може да побара да биде ослободен од вршење на должноста извршител.[44] Барањето се поднесува писмено до министерството. Во барањето треба да биде определен рокот за престанок на вршење на должноста. Со истекот на рокот определен во барањето, престанува должноста на извршителот, освен ако заради обезбедување на уредно вршење на должноста, министерството не определи друг рок, но не подолго од 90 дена од поднесување на барањето од ставот (1) на овој член. Својата одлука министерството треба да ја донесе пред истекот на рокот определен во барањето.[45]

Разрешување на извршител

Извршителот ќе биде разрешен, ако:[46]

a) престанат да постојат условите за именување од членот 33 од овој закон или дополнително се утврди дека при именувањето тие не постоеле;
b) не даде свечена изјава;
c) се вработи;
d) со правосилна судска одлука му биде одземена или ограничена деловната способност;
e) не го продолжува уредно своето осигурување од одговорност;
f) ако извршителот бил именуван, свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки за именување на извршител;
g) ако без оправдани причини не започне со работа во роковите утврдени во членот 35 ставови (6) и (7) од овој закон;

[44] Член 72 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).
[45] Член 71 Став 2 и 3 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).
[46] Член 73 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

h) го променил седиштето на канцеларијата и престанал да ги исполнува просторните, техничките како и другите услови за вршење на должноста утврдени во членот 36 од овој закон.
i) Одлуката за разрешување на извршителот ја донесува министерството. Пред донесување на одлуката, на извршителот мора да му биде овозможено да се изјасни за причините за разрешување.
j) (3) Против одлуката на министерството извршителот може да поведе управен спор.

Именување на извршител во случај на престанок на должноста на извршителот

По правосилноста на решението за престанок на должноста извршител, Министерството ќе започне постапка за именување на извршител за испразнетото место за подрачјето на основниот суд, освен ако бројот на извршителите за определено подрачје определен со подзаконсиот акт е понизок од постојниот број на извршители на тоа подрачје. Именуваниот извршител е должен да ги преземе и да продолжи да постапува по предметите на извршителот чија должност престанала. Заменикот на извршителот продолжува со постапување по предметите на извршителот чија должност престанала, се до моментот на предавање на евиденцијата на именуваниот односно определениот извршител.[47]

(Ако на објавениот оглас не се јави ниту еден кандидат кој ги исполнува условите за именување, односно не изврши именување на ниеден кандидат, Министерството во рок од 15 дена по предлог на од Комората ќе донесе решение со кое ќе определи извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје којшто веднаш ќе ги превземе предметите на извршителот чија должност престанала и ќе ја продолжи работата по предметите, со сите овластувања кои му припаѓаат на извршител согласно овој Закон. Комората

[47] Член 74 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

предлогот го утврдува по пат на ждрепка помеѓу извршителите од подрачјето на основните судови од каде бил извршителот чијашто должност престанала. Комората ќе објави известување во „Службен весник на Република Македонија“ и во два дневни весници, од кои што едниот на службен јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Македонија, на кои што македонскиот јазик и кирилско писмо не им е мајчин јазик, кој извршител ги презема предметите од извршителот чија должност престанала.[48]

Доверителот којшто не сака извршувањето на неговиот предмет да го продолжи новоименуваниот извршител, може да го повлече барањето за извршување и да го довери на друг извршител, со тоа што сите дејствија кои што ги преземал дотогаш извршителот имаат правна важност. Извршителот ќе го продолжи извршувањето од стадиумот каде што се наоѓа. Доверителот поднесува барање за продолжување кај друг извршител во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “за именувањето на новиот извршител. Извршителот кај кого се наоѓаат списите, предметите и парите од конкретниот предмет ќе ги достави кај избраниот извршител.[49]

Трошоците за извршување за кои постои доказ дека се наплатени кај извршителот чија должност престанала му се признаваат на доверителот, а извршителот којшто ќе продолжи со спроведување на извршувањето е должен да ги наплати од должникот и да ги пренесе на доверителот.[50]

Претседателот на Комората со решение ќе го овласти именуваниот, односно определениот извршител да располага со посебната сметка на извршителот чија должност престанала.[51] Претседателот на Комората или лице кое тој ќе го овласти, ќе изврши примопредавање на списите, архивираните завршени предмети, книгите, електронската евиденција и состојбата на сметките на извршителот чија должност престанала, на именуваниот извршител. Доколку не се именува нов извршител списите, архивираните завршени предмети, книгите, електронската

[48] Ibid. [48] Член 74 Став 2
[49] Ibid. [49] Член 74 Став 3
[50] Ibid. [50] Член 74 Став 4
[51] Ibid. [51] Член 74 Став 5

евиденција и состојбата на сметките ги презема Комората и ги чува три месеци сметано од денот на објавата на престанокот на должноста извршител во „Службен весник на Република Македонија“. По истекот на тој рок Комората ги распределува преземените предмети по азбучен ред на сите надлежни извршители од соодветното подрачје. Одземените печати на извршителот чија должност престанала се поништуваат согласно одредбите на член 36 ставовите (2) и (9) од овој закон.[52]

Именуваниот или избраниот извршител, кој го продолжува извршувањето на предметите на извршителот чија должност престанала за сите преземени извршни дејствија има право на надомест на трошоците и наградата согласно Тарифата, врз основа на обемот на вложениот труд, кое се уредува со акт на комората.[53] Ако на посебната сметка на извршителот на кој што му престанала должноста се затекнати паричнсредства за кои што не се знае од кого се уплатени, ниту за кого се уплатени, ќе се префрлат на сметката на Комората, по истекот на пет години сметано од денот на уплатата на тие средства. Вака пренесените средства претставуваат приход на Комората.[54]

[52] Ibid. [52] Член 74 Став 6
[53] Ibid. [53] Член 74 Став 7
[54] Ibid. [54] Член 74 Став 8

Дејствија за извршување и изземање од извршување

Извршување врз подвижни предмети се спроведува со попис, процена, пленидба и продажба на предметите и намирување на доверителот од износот добиен со продажбата.

Предмет на извршување не можат да бидат:

- облека, обувки, долна облека и други предмети за лична употреба, постелнина, садови, мебел, шпорет, ладилник и други предмети со вообичаена вредност што служат за задоволување на основните потреби за домаќинството, доколку му се потребни на должникот и на членовите на неговото домаќинство;
- храна и огрев за потребите на должникот и на членовите на неговото домаќинство за три месеци;
- работен и расплоден добиток, земјоделски машини и други орудија за работа, семе, добиточна храна, алат, машини и други предмети што на должникот земјоделец или занаетчија му се неопходни за одржување на земјоделското стопанство, односно за вршење на занаетчиската дејност, во мера во која е потребно со тоа да се оствари минимален приход за неговото издржување и за издржување на членовите на неговото семејство;
- книги и други предмети што му се потребни на должникот кој врши научна, уметничка или друга професионална дејност;
- готови пари на должникот до месечниот износ кој според закон е изземен од извршување;

- ордени, медали, воени споменици и други знаци на одликување и признание, венчален прстен, лични писма, ракописи и други лични списи на должникот, како и семејни фотографии и
- помагала што на инвалидот или на друго лице со телесни недостатоци му се дадени врз основа на прописите или што ги набавил сам, а се неопходни за извршување на неговите животни функции.

Одредбите од ставот (2) точка 3) на овој член не се однесуваат на извршувањето заради остварување на парични побарувања на банките по основа на наменски кредити за развој на земјоделската, односно на занаетчиската дејност под услов таа можност да е изрично предвидена со договорот за кредитот.

Поштенска пратка или поштенска парична дознака упатена до должникот не може да биде предмет на извршување пред да му се врачи. Со закон може да се определи дека и други подвижни предмети не можат да бидат предмет на извршување.

Извршителот пред да пристапи кон пописот со налог ќе му наложи на должникот да го плати износот утврден во извршната исправа заедно со каматата и трошоците.

Налогот од ставот (1) на овој член содржи:

- име/назив на должникот, живеалиште/престојувалиште или седиште и ЕМБГ или даночен број,
- име/назив на доверителот, живеалиште/престојувалиште или седиште, - бројот на извршната исправа која се извршува и органот кој ја донел, - долгуван износ како главен долг,
- споредни побарувања,
- трошоци на постапката и на извршувањето, - забрана за располагање,
- рок од три дена за плаќање на долгот по извршната исправа, - место на пописот и

- начин на вршење на пописот.

Во налогот задолжително се укажува на должникот дека доколку го намирил долгот кон доверителот согласно со извршната исправа, е должен за тоа веднаш да го извести извршителот. Во налогот задолжително се предупредува должникот дека доколку не постапи согласно со извршната исправа во рокот определен со налогот, ќе се пристапи кон попис, процена и пленидба на подвижни предмети. За времето и местото на пописот се известува доверителот, ако го бара тоа. Отсуството на доверителот или на должникот не спречува да се пристапи кон пописот. За извршениот попис веднаш ќе се извести странката која не присуствувала на пописот.

Ограничување на извршувањето

Извршувањето врз плата и пензија, како и врз надоместок наместо плата, за побарување врз основа на законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување,односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката, може да се спроведе до износот од една половина, а за побарувања по друга основа - до износот од една третина на платата или пензијата. По исклучок, за граѓаните приматели на: плата до висина на просечна плата во моментот на изготвување на налогот за извршување, пензија до висина на просечната пензија, надоместок на трошоци за сместување на лице и надоместок за згрижување на згрижувачко семејство, како и за децата корисници на семејна пензија, извршувањето се спроведува до една петина на платата, пензијата, односно надоместокот.

Одредбата се применува и врз примањата на лица во резервниот состав на армијата и полицијата.

Извршувањата врз примањата на воени и мирновременски воени инвалиди врз основа на инвалиднина, ортопедски додаток и инвалидски додаток, може да се спроведе само за побарувања врз основа на законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно

губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката и тоа до износот од една половина на тоа примање.

Извршувањето врз парично побарување се спроведува со забрана и со пренос, ако со овој закон за одделни случаи поинаку не е определено.

Забрана и пренос на парично побарување се спроведува во износ кој е потребен за намирување на доверителовото побарување. Ако повеќе доверители бараат извршување врз исто побарување кое е деливо, забрана и пренос се спроведува во соодветни износи, посебно во корист на секој доверител. Извршување врз примањето врз основа на договор за доживотна издршка и доживотна рента, како и врз примањето врз основа на договор за осигурување на животот, може да се спроведе само на делот кој го надминува износот на најниската социјална помош која се исплатува на подрачјето на кое должникот има живеалиште.

Со налогот со кој се спроведува забрана врз парично побарување му се забранува на должниковиот должник да му го намири тоа побарување на должникот, а на должникот му се забранува тоа побарување да го наплати или поинаку да располага со него и со залогот што е даден за негово обезбедување. Со издавањето на налогот се воспоставува заложно право во корист на доверителот. Налогот веднаш се доставува до должниковиот должник и должникот. Налогот веднаш се доставува до заложниот регистар заради упис на заложното право. Забраната е спроведена со денот кога налогот за забрана е доставен до заложниот регистар. Забрана на побарување засновано врз хартија од вредност која се пренесува со индосамент или за чие остварување инаку е потребна таа хартија, се спроведува на тој начин што извршителот таквата хартија ќе ја одземе од должникот. Правните дејствија кои се потребни за зачувување или за вршење на правата од хартиите ги врши извршителот од името на должникот. Забрана на побарување врз парични средства на физичко лице како должник, во банка или штедилница, може да се спроведе и без одземање на документот врз основа на кој се депонирани паричните средства. Ако доверителот во барањето за извршување

не ги навел потребните податоци за паричните средства на должникот, извршителот ќе ги побара тие податоци од банката или штедилницата каде што се наоѓаат тие средства.

Извршување врз имотни права

Извршувањето врз авторски и сродни права, права од индустриска сопственост или врз некое слично должниково право се спроведува со забрана на располагање со тоа право, како и со негово претворање во пари согласно со одредбите за продажба на подвижни предмети и намирување на доверителите.[55]

Извршување врз недвижности се спроведува со прибелешка на налогот за извршување врз недвижности во јавна книга, со утврдување на вредноста на недвижноста, со продажба на недвижноста и со намирување на доверителите од износот добиен со продажбата.

Предлог на должникот извршувањето да се определи со други средства или врз друга недвижност. Должникот може во рок од три дена од денот на приемот на налогот за извршување врз недвижности да предложи извршувањето да се спроведе врз друго средство на извршување или извршувањето да се спроведе врз друга недвижност, од онаа определена во налогот за извршување врз недвижности. Извршителот ќе го прифати предлогот ако должникот стори веројатно дека побарувањето ќе се намири со друго средство на извршување или со продажба на друга недвижност. Ако е прифатено друго средство на извршување, прибелешката на налогот за извршување врз недвижности останува во сила се до намирувањето на доверителовото побарување. Во јавната книга ќе се изврши прибелешка на налогот за извршување врз недвижности.

Со таа прибелешка доверителот стекнува право своето побарување да го намири од недвижноста (право на намирување) и во случај трето лице подоцна,

[55] Член 165 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

односно по прибележување на налогот за извршување врз истата недвижност да стекне право на сопственост или право на располагање, освен во случај кога ќе дојде до реализирање на предбележувањето со укнижување во јавната книга согласно одредбите на Законот за катастар на недвижности.

Доверителот кој барал извршување, а порано не стекнал заложно право, со прибелешката на налогот за извршување врз недвижности стекнува право од недвижноста да се намири пред лицето кое подоцна ќе стекне заложно право врз таа недвижност или право на намирување.

Пристапување кон извршување

Доверителот за чие побарување подоцна е издаден налог за пристапување кон извршувањето врз истата недвижност, стапува во веќе поведеното извршување, со прибелешка на налогот за пристапување на извршување во јавната книга. Кон извршувањето може да се пристапи до започнување на рочиштето за усна јавна продажба. Ако продажбата се врши со непосредна спогодба кон извршувањто може да се пристапи до потпишување на договорот за продажба.[56] За пристапувањето кон извршувањето извршителот ќе го извести доверителот во чија корист порано е извршена прибелешката. Доверителот за чие побарување подоцна е издаден налог за пристапување кон извршувањето врз истата недвижност, може за намирување на своето побарување да даде предлог да се спроведе извршување врз недвижноста, задржувајќи го редоследот на намирувањето по кој налозите се запишани во јавната книга. Во случај да се запре извршувањето кон кое се приклучил друг доверител, тогаш налогот на извршителот за пристапување доверителот кон извршувањето, ќе се смета за налог за извршување, а другите налози за пристапување го задржуваат редоследот по кој се запишани во јавната книга.

[56] Член 169 став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

Со извршувањето врз недвижност се намирува и заложниот доверител кој не барал извршување. Извршителот внимава дали врз недвижноста која е предмет на извршување е заснован залог, во корист на друг доверител кој не барал извршување. За пристапување кон извршувањето од ставот (1) на овој член, извршителот ќе го извести доверителот по чие барање се спроведува извршувањето. Купувачот на недвижноста и заложниот доверител можат да се спогодат залогот даостане врз недвижноста и по донесувањето на заклучокот за извршена продажба, а купувачот да го преземе должниковиот долг спрема тој доверител во износ што би му припаднал во извршувањето. Во тој случај, цената се намалува за износот на преземениот долг. Спогодбата ја составува во форма на нотарски акт или ја потврдува нотар. Залогот запишан врз недвижност се гаси со денот на донесувањето на заклучокот за намирување (член 189) иако заложните доверители не се наполно намирени. Стварните службености врз недвижност не се гасат со продажба на недвижноста. Со продажба на недвижноста не се гасат ни личните службености ни реалните товари што се запишани во јавната книга пред правата на заложните доверители и правата на намирување на доверителот на чие барање е спроведено извршувањето. Другите лични службености и реални товари се гасат со продажба на недвижноста, ако меѓу носителот на тие права и купувачот не е договорено нешто друго. Со продажба на станбена зграда или стан, деловна зграда или деловна просторија не престанува закупот на таа зграда, стан, односно деловна просторија. Купувачот стапува во права и обврски на закуподавач.

Договорите за закуп склучени по поднесување на барањето за извршување со продажба на предметната недвижност не произведуваат правно дејство. Во таков случај закупецот е должен станбената зграда или станот, деловната зграда или деловната просторија веднаш да ја испразни.

Ако закупецот не постапи согласно и не ја испразни станбената зграда или станот, деловната зграда или деловната просторија, извршителот на предлог од купувачот ќе го изврши испразнувањето според одредбите за испразнување и предавање на недвижности (членови 226-228).

На лицето заинтересирано за купување на недвижност, по негово барање, извршителот ќе му дозволи да ја разгледа недвижноста.

Предмет на извршување не може да биде земјоделско земјиште и стопански згради на земјоделец во обем нужно неопходен за негова издршка и за издршка на членовите на неговото потесно семејство и на други лица кои според закон е должен да ги издржува.

Извршителот со налогот за извршување назначува еден од носителите на платен промет каде што се водат доверителовите и должниковите парични средства, бројот на доверителовата и должниковата сметка и нивните потсметки доколку ги има, доверителовиот и должниковиот даночен број или ЕМБГ и долгуваниот износ.

Со налогот за извршување врз парични средства што се водат на сметка на должникот кај носителот на платен промет, на носителот му се наложува паричниот износ за кој е наложено извршување да го пренесе од сметките на должникот на сметката на извршителот предвидена во членот 36 став (5) од овој закон.

Налозите за извршување кои ги задолжуваат трезорските сметки, односно сметката на должникот која се наоѓа во рамките на трезорските сметки, носителот на платен промет ги извршува на начин што врз основа на налозите за извршување изготвува налози кои ги доставува до Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување каде што на должникот му се води сметката.

Трезорот при Министерството за финансии, односно Трезорот на Фондот за здравствено осигурување налозите ги извршува согласно со овој закон и согласно со прописите за платен промет.

Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот, откако налогот за извршување врз средства на сметката на должникот е евидентиран кај носителот на платен промет.

Ако со налогот за извршување на должникот му се наложува плаќање на повремени давања што пристигнуваат по определени временски интервали (парична рента поради губење или намалување на животната или работната способност или поради лишување од живот на давачот на издршката), носителот на платен промет без повторно барање ќе врши исплата на тие давања по нивното пристигнување.

Во случајот од ставот (1) на овој член редоследот на наплатата на сите идни рати се смета според времето на приемот на налогот за извршување. Носителот на платен промет води посебна евиденција на налозите за извршување за наплатата на идни повремени давања.

Ако во времето кога носителот на платен промет го примил налогот за извршување нема средства на сметката на должникот, извршителот нема да го запре извршувањето, а носителот на платен промет ќе го држи налогот во евиденција и според него ќе изврши пренос кога ќе пристигнат средства на сметката. Во случаите од ставот (1) на овој член, извршителот обезбедува информации од останатите носители на платен промет за состојбата на средствата на сметките на должникот. Врз основа на обезбеден доказ за приоритет во извршувањето, извршителот со заклучок може да му наложи на било кој носител на платен промет да пренесе одреден износ на средства од сметката на должникот, на сметката на должникот која се води кај носителот на платен промет кој го примил налогот за извршување. Одредбите од овој член соодветно се применуваат и при спроведување на извршување кога должникот е физичко лице.

Предавање на определени предмети

Извршување заради предавање на еден или повеќе определени предмети што се наоѓаат кај должникот се спроведува така што извршителот издава налог со кој му наложува на должникот да ги предаде тие предмети во рок определен од извршителот но не подолго од 30 дена од приемот на налогот. Доколку должникот во определениот рок не ги предаде предметите, извршителот пристапува кон одземање на предметите и истите му ги предава на присутниот доверител за што составува записник. Примерок од записникот се доставува на странките.[57]

Според одредбата на ставот (1) од овој член извршување се спроведува и кога предметите се наоѓаат кај трето лице кое сака да му ги предаде на извршителот.

Ако третото лице не сака да ги предаде предметите, доверителот може да му предложи на извршителот врз него да го пренесе должниковото побарување спрема трето лице на предавање на предмети. Во постапката по предлогот од ставот (3) на овој член се применуваат одредбите за извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети. Ако во случајот од ставот (1) на овој член, доверителот не е присутен на дејствието на предавање на предметите, предавањето ќе се одложи, а трошоците предизвикани со одложувањето ќе паднат на товар на доверителот.

Кога предметите не се најдени ни кај должникот ни кај трето лице, по предлог на доверителот извршителот, ќе овласти проценител кој согласно со членот 103 од овој закон, ќе ја процени вредноста на предметите и со заклучок ќе определи должникот во определен рок да му го исплати износот на таа вредност.

Доверителот може да даде предлог, во смисла на ставот (1) од овој член, во рок од осум дена од денот на известувањето дека предметите не се најдени. Врз

[57] Член 220 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

основа на тој заклучок, доверителот може да предложи извршување против должникот. Ако доверителот во определениот рок не даде предлог должникот да му ја исплати вредноста на предметите, извршителот ќе го запре извршувањето.

Кога извршната исправа гласи на испорака на определено количество на заменливи предмети што се наоѓаат кај должникот или кај трето лице, извршувањето се спроведува на начинот пропишан за предавање на определени предмети. Кога предметите не се најдени ни кај должникот ни кај трето лице Кога предметите не се најдени ни кај должникот ни кај трето лице, извршувањето се спроведува така што извршителот ќе го овласти доверителот во определен рок на трошок на должникот да ги набави тие предмети на друго место или пак на друг начин.

Извршителот, со заклучок ќе му наложи на должникот однапред да му го положи на извршителот износот потребен за набавка на предметите. Предлог да ги набави предметите, доверителот може да даде во рок од осум дена од денот кога извршителот го известил дека извршувањето не може да се спроведе.

Ако доверителот во тој рок не дал предлог за набавка на предметите ни на друго место ни на поинаков начин, извршителот ќе го запре извршувањето, освен кога доверителот навремено дал и предлог должникот да му ја исплати вредноста на предметите што бил должен да ги испорача.

Ако доверителот не можел, во рокот што го определил извршителот, предметите да ги набави ни на друго место ни на поинаков начин, или ако доверителот сторил веројатно дека предметите не можат да се набават ни на друго место ни на поинаков начин, по негов предлог извршителот ќе овласти проценител кој согласно со членот 103 став (2) од овој закон, ќе ја процени вредноста на предметите и со заклучок ќе определи должникот во определен рок да му го исплати износот на таа вредност.

Предлог, должникот да му ја исплати вредноста на предметите, доверителот може да даде во рок од осум дена од денот на истекот на рокот за набавка на предметите на друга страна, односно во рокот што извршителот ќе му го определи

кога доверителот сторил веројатно дека предметите не можат да се набават на друга страна.

Ако доверителот во тој рок не даде предлог, извршителот ќе го запре извршувањето. Право на надоместок на штета

Со одредбите на овој закон за набавка на заменливи предмети на друго место и на поинаков начин и за исплата на вредноста на определени или заменливи предмети, не се засега во правото на доверителот во парница да бара од должникот надоместок на штетата што му е нанесена со тоа што предавањето, односно испораката на предметите не му е извршена.

Извршување заради испразнување и предавање на недвижности се спроведува така што извршителот, во присуство на доверителот откако ќе ги отстрани лицата и предметите од таа недвижност, му ја предава недвижноста во владение на доверителот. За испразнувањето и предавањето се составува записник. Извршувањето од ставот (1) на овој член се спроведува спрема сите лица и предмети затекнати на недвижноста во моментот на спроведувањето на извршувањето.

Кон испразнување и предавање на недвижности може да се пристапи по истекот на рокот од осум дена од денот на доставувањето на налогот за извршување до должникот. Доколку против налогот од ставот (3) на овој член е вложен приговор, испразнувањето ќе се изврши по правосилноста на решението на судот по приговорот. Ако во случајот од ставот (1) од овој член, доверителот не е присутен на дејствието на предавање во владение, дејствието на предавање ќе се одложи, а трошоците предизвикани со одложувањето ќе паднат на товар на доверителот.

Подвижните предмети што треба да се отстранат му се предаваат на должникот, а ако овој не е присутен, на полнолетен член на неговото домаќинство или на негов полномошник.

Ако при преземањето на извршните дејствија не е присутно ни едно од лицата на кои можат да им се предадат предметите или тие лица не сакаат да ги примат, предметите ќе му се предадат на чување на друго лице, на трошок на должникот.

За ова предавање и за трошоците за чување извршителот го известува должникот, оставајќи му рок од осум дена во кој може да бара предметите да му се предадат, откако ќе ги надомести трошоците за чување.

Покрај ова известување, извршителот ќе го предупреди должникот дека, по истекот на тој рок, предметите ќе бидат продадени и од продажната цена намирени трошоците за чување и продажба на предметите.

Извршителот со заклучок ќе определи продажба на предметите за сметка на должникот, ако овој во оставениот рок не бара предавање на предметите и не ги надомести трошоците за чување. Дел од цената постигната со продажбата, што ќе преостане по намирувањето на трошоците за чување и продажба на предметите, се полага кај судот во корист на должникот. Продажбата на предметите се врши според одредбите на овој закон за извршување врз подвижни предмети. Доколку против заклучокот од ставот (1) на овој член е вложен приговор, исплатата на средствата од посебната сметка на извршителот предвидена во членот 36 став (5) од овој закон ќе се изврши по правосилноста на решението на судот по приговорот. Според извршната исправаспоред која должникот е должен да стори определено дејствие што може да го стори друго лице, извршувањето се спроведува така што извршителот го овластува доверителот на трошок на должникот да му довери на друго лице да го стори тоа дејствие или да го стори тој сам.

Во барањето за извршување доверителот може да предложи извршителот со налог да му наложи на должникот однапред да го положи износот потребен за намирување на трошоците што ќе настанат со извршувањето на дејствието од страна на друго лице или од доверителот. Заклучок за висината на трошоците од ставот (2) на овој член донесува извршителот по предлог од доверителот, односно

должникот. Врз основа на заклучокот извршителот изготвува налог за наплата или враќање на трошоците.

Дејствие што може да го изврши само должник

Ако според извршната исправа должникот е должен да стори определено дејствие кое наместо него не може да го стори друго лице, извршителот со налог за извршување ќе му остави на должникот рок потребен за исполнување на обврската.[58] Со налогот за извршување извршителот го известува должникот дека доколку должникот во определениот рок не ја исполни обврската, судот, во рок од 48 часа со решение ќе изрече парична казна и тоа на физичко лице од 20.000,00 до 80.000,00 денари, а на правно лице од 100.000,00 до 30.000.000,00 денари и на одговорното лице во правното лице од 20.000,00 до 80.000,00 денари, а средствата од казната претставуваат приход во Буџетот на Република Македонија.

Ако должникот во тој рок не ја исполни обврската, извршителот ќе го спроведе решението за изречената парична казна. Во тој случај, извршителот истовремено ќе донесе нов налог со кој на должникот ќе му остави нов рок за исполнување на обврската и ќе го извести дека доколку должникот во определениот рок не ја исполни обврската, судот во рок од 48 часа со решение ќе изрече нова парична казна во поголем износ отколку со претходното решение. Против должникот кој и покрај таа казна нема да ја исполни својата обврска извршителот и судот и натаму ќе постапуваат на начинот определен во ставовите (2), (3) и (4) на овој член, се додека вкупниот збир на паричните казни по одделни решенија не достигне десеткратен износ на првата изречена казна. При одмерувањето на висината на паричната казна во пропишаните граници, судот ќе води сметка за значењето на дејствието што должникот бил должен да го изврши, како и за другите околности на случајот.

[58] Член 230 Став 1 од Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020).

Жалбата по решение за изречена парична казна не го задржува спроведувањето на извршувањето на решението.

На начинот предвиден во членот 230 ставови (1) до (4) од овој закон извршување се спроведува и кога должникот се однесува спротивно на обврската да трпи преземање на определено дејствие или да не стори определено дејствие.

Извршителот, по предлог од доверителот, со налог ќе му наложи на должникот да положи гаранција за штетата, ако доверителот стори веројатно дека би претрпел штета со тоа што должникот и натаму би се однесувал спротивно на својата обврска.

Времето на траењето на гаранцијата, според околностите на случајот, го определува извршителот.

Врз основа на налогот за полагање на гаранција, извршувањето се спроведува по предлог на доверителот.

Заклучок

Извршителите се именувани и распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Македонија. Надлежноста на извршителот е да извршува извршни одлуки донесени од страна на судовите, државните органи, односно нотарите чие седиште е на подрачјето за коешто е именуван извршителот.

Извршувањето на обврските на извршителот треба да е чесно, совесно, стручно, навремено, целосно и одговорно, работните задачи, наредби и задолженија ги извршува без одлагање, освен ако истите се спротивни на закон. Вработениот работните задачи да ги извршува самостојно, придржувајќи се до соодветните правила и постапки, непристрасно и без предрасуди, со еднаков третман кон сите.

Предизвикувањето штета на друг, од аспект на правото е недозволено, па оттука за него правото врзува определени последици коишто и со тоа го трансформираат во правен факт.

Секој извршител има прво и основно лична одговорност за квалитетот на извршената работа. Извршителите се должни да се почитуваат, дополнуваат, охрабруваат и мотивираат едни со други со цел да обезбедат највисок квалитет на услугата за корисниците, како и да покажат иста почит кон тие корисници.

Односот со корисниците и меѓусебните односи на извршителите се засноваат на почитување на човечкото достоинство и основните човекови права и слободи.

Сите извршители при извршувањето на нивните договорни обврски се должни да ги третираат корисниците на услуги, како и јавноста и најширокото опкружување во согласност со Кодексот и да ги извршуваат услугите што ги обезбедуваат според правилата и препораките на Кодексот.

Користена литература

1. Dragana Knežić-Popović, Ljubiša Dabić, Slobodne profesije-pravni aspekti, Beograd, 2009;
2. Dukić Ostoja, "Profesionalna etika I njen značaj", Srpska pravna misao, Banja Luka br. 1-4/1995;
3. Loris Belanić, "Osiguranje od odgovornosti odvjetnika", Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci, Rijeka, 2010, 265;
4. Marija Ampovska,"Lawyer's professional liability insurance in Macedonian law", Зборник радова Универзално и особено у право 2018, pp. 377-395;
5. Silvija Petrić, "Odgovornost odvjetnika za savjet i mišljenje "Zbornik Pravnog fakulteta u Sveučilišta u Rijeci," Rijeka, 2010;
6. Гале Галев, Јадранка Дабовиќ Анастасовска, Облигационо право ЦЕППЕ, Скопје, 2009;
7. Ema Menđušić Škugar, "Obavezno osiguranje od odgovornosti odvjetnika", Zbornik radova s međunarodne znanstveno-stručne konferencije Hrvatski dani osiguranja 2017, Zagreb, 2017;
8. Неда Здравева, Одговорност за штета во правната професија, Правен факултет Јустинијан Први Скопје,
9. Предраг Шулејић, "Осигурање од одговорности давалаца услуга", Анали Правног факултета у Београду, Београд, 1984;

Правни извори

1. Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020)
2. Кодекс на професионалната етика на извршителите, врз основа на член 57 став 1 точка а) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. . 72/2016, 142/2016 и 233/2018).
3. Закон за облигационите односи, "Службен весник на Република Македонија" број 18/2001, 78/2001, 04/2002, 59/2002, 05/2003, 84/2008, 81/2009 и 123/130;

Интернет извори

1. http://kirm.mk
2. https://www.pravda.gov.mk
3. https://akademik.mk